Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 491 www.mchamber.mk 29.4.2022

# ДО ЕДИНСТВЕНИОТ ЕУ-ПАЗАР ПРЕКУ ПОДЛАБОКА РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА



*Потенцијал за зголемување на економската соработка помеѓу македонските и унгарските компании*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ДО ЕДИНСТВЕНИОТ ЕУ-ПАЗАР ПРЕКУ ПОДЛАБОКА РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА



Во организација на Коморскиот инвестициски форум, во Брисел се одржа средба на бизнис-платформата на Западен Балкан – ЕУ, со која се обезбедува континуиран и структуриран дијалог меѓу носителите на одлуки во ЕУ и бизнис-заедницата од ЗБ, претставена преку Бизнис-советот на КИФ.

Пред репрезентативниот состав на претставници од Европската комисија и нејзините директорати (DG Near, DG Taxud, DG Trade, DG Move), Секретаријатот ЦЕФТА, Регионалниот совет за соработка, Еурочемберс и од Транспортната заедница, комориte од регионот ги претстави видувањата на бизнисот, од спроведеното истражување меѓу приватниот сектор, како согледување за примена на акцискиот план за заеднички регионален пазар.

Во согласност со приоритетите во секоја од клучните области на заедничкиот регионален пазар, времето на чекање на граничните премини треба да се минимизира и да се предвиди; инфраструктурата и персоналот, заедно со граничните процедури, да не бидат клучната пречка во обезбедувањето непречено движење на стоките во регионот и да се дејствува на главните предизвици, а тоа се неусогласеноста на работното време меѓу граничните агенции и недостигот од координација меѓу различните агенции вклучени во физичката инспекција. Нетарифните бариери се сè уште сериозни пречки за водење бизнис, за што е неопходно воспоставување и примена на програми за меѓусебно признавање на сертификатите и на анализите.

Главните бариери кај услугите се лиценците, различните технички стандарди, како и нетранспарентните правила и процедури. Што поитно треба да се договори меѓусебно признавање на професионалните квалификации, почнувајќи со рамковен аранжман кој опфаќа одредени пилот-квалификации. Подеднакво е важно да се отстранат пречките за мобилност на студентите, истражувачите и на професорите. Најголеми проблеми во контекст на вработувањето се долгите процедури за добивање работни дозволи.

Наедно, евидентно е дека на компаниите им недостигаат детални информации за сите прашања поврзани со зелената агенда за ЗБ и дека имаат потреба од градење капацитети во овие области, а за активностите во оваа насока бизнис-заедницата од Западен Балкан треба да добие дополнителна поддршка во наредниот период.

Главните деловни коментари ја нагласуваат и потребата од дигитализација на административните процедури, особено во областите каде што е потребна документација. Натамошната поддршка за бизнисот во регионот треба да вклучи дигитална трансформација и поттикнување на електронската трговија, за да се олесни влезот на други пазари.

Актуелната состојба во Украина на подолг рок може негативно да се одрази врз стопанството во регионот, па затоа е потребна поддршка од ЕУ за евроинтегративниот пат на Западен Балкан, кој би бил еден од основите за макроекономска стабилност и за инвестициска атрактивност на регионот.

Сите укажувања кои беа основа и за дијалогот на средбата потврдуваат дека целосната примена на заедничкиот регионален пазар останува прашање од најголем приоритет за бизнис-заедницата во регионот, и покрај заостанувањата во неговата примена во првата година и половина.

Според Светозар Јаневски, член на Бизнис-советот на КИФ, за да се биде конкурентен, потребно е во стратегијата за настап на европскиот пазар заеднички да се усогласат бизнис-заедницата во регионот и политиката. „Образованието да се сфати како вложување во иднината, а не како средство за остварување профит. Важно е акцентот да се стави врз развојните цели и врз градењето можности за младите луѓе, бидејќи без тоа нема да има иднина“, посочи Јаневски.

Во дискусијата за Европската комисија зацртани се целите на економскиот и на инвестицискиот план за Западен Балкан, а тоа подразбира:

поддржување за долгорочно економско заздравување на регионот, засновано на зелена и на дигитална транзиција, што ќе доведе до одржлив економски раст и до спроведување реформи за да се придвижи напред на патот кон ЕУ и до единствениот пазар на ЕУ;

зголемување на конкурентноста на регионот преку подобрување на одржливото транспортно и енергетско поврзување;

ослободување на економскиот потенцијал на регионот и на просторот за зголемена регионална економска соработка и трговија;

значителен инвестициски пакет со финансирање од ИПА III до 9 милијарди евра, со можност за искористување дополнителни 20 милијарди евра инвестиции преку Гарантниот фонд на ЗБ.



За сево ова потребни се здружени напори – Европската комисија обезбедува финансирање, а Западен Балкан треба да ги спроведе и да ги донесе реформите.



# Потенцијал за зголемување на економската соработка помеѓу македонските и унгарските компании



Делегација предводена од г-дин Дејвид Бенчик, заменик државен секретар за меѓународни односи во Министерството за земјоделие на Унгарија денес имаше работна средба во Стопанската комора на Северна Македонија. Цел на состанокот беше презентација на македонските потенцијали во земјоделието и преработувачката индустрија, претставување на македонски компании од овој сектор, како и Б2Б средби помеѓу македонски и унгарски компании.

Г-дин Антони Пешев, извршен директор на Комората ги претстави економските услови и состојби за работење во Македонија, потенцијалите на земјоделскиот сектор и преработувачката индустрија, како и во кои сегменти и економски политики е потребно унапредување со цел развој на овој сектор. Претседателот на Здружението за земјоделство и прехрамбена индустрија, г-дин Ѓорѓи Петрушев и претседателите на групациите во рамки на ова здружение ги презентираа состојбите во млечната индустрија, свињарство, производството на месо и преработки од месо, мелничко пекарската индустрија и производството на вино.

На средбата беше истакнато дека македонските производи се квалитетни, но недостасува цертификација на квалитетот, консолидација на производството, know – how за зголемување на обемот на производство и подобро искористување на капацитетите и примена на помодерни техничко технолошки достигнувања во земјоделието.

Претсавниците од унгарската делегација истакнаа дека се заинтересирани за зголемување на надворешно – трговската размена и инвестиции во оваа област. Воедно, понудија и соработка со научно – истражувачки центри од Унгарија со цел модернизација на земјоделското производство и примена на нови технологии за надминување на консеквенците од климатските промени. И двете страни оценија дека постои голем потенцијал и желба за соработка, која во следниот период преку конкретни активности треба да се операционализира.

На состанокот својот производен асортиман го презентираа и македонските и унгарските компании како основа за идна соработка.

# КРЕИРАЊЕ РАМКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКАТА РАМКА ЗА КВАЛИТЕТ



Унапредување на квалитетот на стручното образование и обука беше тема на денешната работилница во рамките на Твининг проектот: „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации", имплементиран од партнерските земји - Литванија, Франција и Словенија. Само со конструктивни дискусии може да се придонесе за понатамошен развој на квалификацискиот систем во нашата земја, а тоа бара продолжување на започнатите реформи во стручното образование и обука, бидејќи јазот помеѓу вештините и квалификациите и неусогласеноста со потребите на пазарот на трудот претставуваат еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат бизнис заедницата и младите лица кои влегуваат во работните процеси.

На работилница беа детектирани неколку предизвици на кои треба да се работи:

Градење капацитети за системска комуникација помеѓу образованието и бизнисот;
Секторски пристап и системски одговор со креирање на квалификации според потребите во секторите;
Рационализација на мрежата на стручните училишта;
Модуларен пристап во наставните програми;
Флесибилност на системот;
Подготовка на анализи за предвидување на новите вештини и квалификации;
Стабилно финансирање во стручното образование (ресурси, инфраструктура, опрема...)

Националната рамка на квалификации е национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во нашата земја.

Таа истовремено претставува и инструмент за континуирано и делотворно прилагодување на образовниот и системот на квалификации, кој ќе обезбедува квалификации што ќе бидат во функција на потребите на пазарот на труд и полесна вработливост на лицата, како и средиште за комуникација, и на креаторите на политики, и на корисниците на квалификациите, и на носителите на квалификации.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар

05.05.2022

# ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА НОВИТЕ ПРАВИЛНИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

(Правилници објавени во „Сл. весник на РСМ, бр.51/22 од 9 март 2022 година”)

Главната цел на Законот за минерални суровини е да ги уреди условите и начинот на вршење на геолошките истражувања и експлоатацијата на минерални суровини, поттикнувањето и унапредувањето на истите со цел да се обезбеди оптимална искористеност на минералните суровини во согласност со начелата на одржлив развој и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Во насока на исполнување на овие цели, Министерството за економија објави 11 нови правилници кои произлегуваат од Законот за минерални суровини и тоа:

 Правилник за формата, содржината и начинот на водење на книгата за водење на евиденција за извршените проспекциски геолошки истражувања;
 Правилник за формата, содржината и начинот на водењето накнигата во која се водат извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања;
 Правилник за содржината и начинот на изработка на студијата за оцена навлијанието и режимот на минералните, термоминералните, термалните води и минералните води и гасот $CO_2$;
 Правилник за формата и содржината на книгата за водење технички надзор, како и начинот на вршење на техничкиот надзор;
 Правилник за начинот на доставување и содржината на пресметката на експлоатираните количини на минерални суровини во тековната година;
 Правилник за начинот на водење на евиденцијата на произведените количини на минерални суровини;
 Правилник за видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударските планови;
 Правилник за содржината на планот за управување со отпад од минерални суровини;
 Правилник за начинот на изработка и содржината на програмата за спречување на значителни опасности;
 Правилник за содржината на програмата за спречување на значителни опасности и
 Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на затворени инсталации за управување со отпад.

Правилниците се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/22 од 9 март 2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3364&lng=1



Семинар

10-12.05.2022

# Тридневна „онлајн“ обука за:СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Со цел зајакнување на врските помеѓу пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. Се` поголем е интересот на компаниите да обучат ученици - идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

Согласно законската регулатива, а и Вашиот искажан интерес за вклучување во процесот на практично обучување на ученици - дуалното образование, врз основа на кој беше и подготвен конкурсот за упис на ученици во стручните училишта, неопходно е да имате обучено лице – ментор кое ќе ги води учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Со постоењето на обучени ментори во компании ќе се подобри квалитетот на соработката со училиштата и ќе се постигне поефективна практична обука на учениците.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука го отпочнува процесот на сертифицирање на ментори во вашите компании и верификација на институции со предавачи кои се советници од Центарот за стручно образование и обука кои воедно се и носители на работната група за изработка на оваа програма: м-р Бранко Алексовски, м-р Роза Арсовска и м-р Зоран Јовчевски.

Ве информираме дека тридневната обуката за лицето - ментор од вашата компанија ќе се одржи од 10-12.05.2022 година и за таа цел Ве молиме навремено да ни ја доставите пополенета пријавата која Ви ја доставуваме во прилог.

По завршување на процесот на сертификација на ментор, започнува процесот на верификација на вашата компанија за практична обука (сертифицираниот ментор е еден од критериумите за верификација).

Поради ограничен број на учесници (15) на обуката Ве молиме да се пријавите надоцна до 5 мај 2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3370&lng=1

Конференција

16-17.05.2022

# КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: „ПРОМОЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ“

Со цел подобро промовирање и позиционирање на туристичките понуди на Западен Балкан низ светот, од витално значење е поттикнувањето на заедничките туристички понуди на регионот. Во таа насока, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, во соработка со другите пет комори од регионот во рамките на Коморскиот инвестициски форум „ЗБ6 (КИФ)“ и на Проектот „Коморско партнерство за Западен Балкан“, организира конференција на тема „Промоција на регионалните туристички производи“, која ќе се одржи на 16 и на 17 мај 2022 година во Хотелот „SL Industry“ во Требиње.

Дводневниот настан, чија примарна цел е вмрежување и размена на знаење и на искуства, ќе започне со обиколка на Винскиот пат во Херцеговина, а вториот ден ќе се реализира конференцијата со панел-дискусии за регионалните туристички дестинации, со учество на експерти од туризмот од шесте земји на Западен Балкан, по што се предвидени и билатерални средби за вмрежување, за успешно развивање регионални туристички производи, како и за заедничка промоција на Западен Балкан.

На конференцијата се очекува да присуствуваат околу 100 компании од секторот туризам (туристички агенции, тур-оператори, претставници на угостителскиот сектор, на институции, на туристички одбори, како и претставници на регионалните комори од Западен Балкан).

*За повеќе информации контакт-лица: м-р Сања Николова, тел: 02/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk или Даниела Михајловска-Василевска, тел: 02/3244-021, моб: 072/220-037, електронска адреса: daniela@mchamber.mk*

*Градот Требиње ја освои првата награда на Меѓународниот натпревар „Зелени дестинации – 100 најдобри приказни за одржливоста“, во рамките на Меѓународниот саем за туризам во Берлин, „ИТБ“, со својата приказна „Херцеговска куќа“ и токму од тие причини претставува совршено место за реализација на овој настан.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3373&lng=1



Семинар

18.05.2022

# УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ

Кога зборуваме за УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ зборуваме за управување со резултатите од работата на секој вработен, преку поставување јасни индикатори и цели кои треба да се постигнат. Факт е дека без поставени очекувања и цели, ангажманот на вработените често е прашање на “добра волја” – да работат колку можат или колку што сметаат дека е доволно. Со ова, се доведува во прашање долгорочниот развој на компанијата и секако нивото на успех кое може да се постигне.

Велат дека најдобар начин да се предвиди иднината е истата да се планира. Ова се покажа како особено важно во услови на светска пандемија, кога компаниите беа соочени со потреба да носат брзи одлуки за прилагодување кон новите услови на работа. Оние компании кои имаа поставено системи за управување со учинокот како секојдневен начин на работа, брзо можеа да ги ревидираат индикаторите за учинокот, не само како бројки, туку како нов пристап кон извршување на задачите. Системот за управување со учинок може да биде поврзан со системот на плати и бенефиции, како и со развојот на вработените преку рамката на клучни компетенции. Овие процеси овозможуваат стабилност и раст на секој бизнис.

Со намера овој концепт да се доближи до компаниите во земјата, Стопанската комора на Северна Македонија на 18 мај 2022 година организира еднпдневна „он-лајн“- обука на тема: УПРАВУВАЊЕ СО УЧИНОКОТ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ, која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен развој на секоја организација.

*Предавач:*

*Биљана Велевска раководи со Самеримпекс Импулси од 2000 година, www.impulsi.com.mk. Има огромно искуство во управување со проекти, консултантство за менџмент и организациски развој, анализи и дијагностика на постоечките вработени и најдобри решенија за управување на човечките ресурси, развивање на системи за управување со учинок и развивање и реализација на обуки за менаџмент и меки вештини. Во обуките пренесува реални искуства од проекти спроведени во интернационални и локални компании. Биљана е магистар по Европски менаџмент (Europa Institute во Германија). Поседува сертификати за тренер на обучувачи и коучинг од интернационални сертификациски програми, со кои овозможува компаниите да ги најдат најдобрите решенија за деловен раст и развој. Од 2020 е сертифициран консултант за Управување со учинокот (KPI Professional) на KPI Institute од Австралија.*

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3368&lng=1


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088